Врз основа на член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен весник на РМ" бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.) Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 27.12.2023 година, донесе

# ПРОГРАМА

**за финансирање, одржување и заштита на објекти од културното наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2024 година**

## I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

-Обезбедување на активен однос на Советот на општина Гевгелија кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на заштита на културното наследство и другите спомен обележја на подрачјето на општина Гевгелија

-Зачувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на општина Гевгелија

-Зачувување на објекти и споменици кои сведочат за историското минато на просторите на општина Гевгелија.

## II. ФИНАНСИРАЊЕ

-Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде реализирано од Буџетот на општина Гевгелија за 2024 година, како и со одредени домашни и странски донации.

## III. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА

| Ред бр. | ВИД НА ОБЈЕКТ | денари |
|---|---|---|
| | **I. Обновување на објекти кои се прогласени за споменици на културата** | 140 000,00 |
| 1. | Реставрација на фасада на "Кангов" конак во Гевгелија | |
| 2. | Реставрација на фасада на "Андреев" конак во Гевгелија | |
| 3. | Реставрација на фасада на хотел "Отоман" (кафе "Центар") | |
| 4. | Реставрација на фасада на "Вила Тина" во Гевгелија | |
| 5. | | |
| 6. | | |

| Ред. бр. | **II. Изградба на објекти од областа на културата спомен обележја на подрачјето на општина Гевгелија** | |
|---|---|---|
| 1. | Оддржување и заштита на спомен обележјата | 30 000,00 |
| | **ВКУПНО:** | 170 000,00 |

## IV. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помагаат одржувањето и заштита на културни, споменици на културата и други објекти се следниве:

-Обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага општината,

-Организирање на изложби и презентации на проекти од областа и заштита на образовни, културни и други објекти.

-Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Гевгелија.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За реализација на активностите и средствата предвидени за истите, сите корисници опфатени со оваа Програма поднесуваат извештај до Советот на општина Гевгелија.

За реализација на Програмата надлежен е Градоначалникот на општина Гевгелија.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува до крајот на годината.

Бр.09-2085/1
27.12.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх**

с.р.